# RISE - Често поставувани прашања (ЧПП)

**ЗА ПОЧЕТОК, ДОЗВОЛЕТЕ ДА ВЕ ЗАПОЗНАЕМЕ СО ТЕРМИНОЛОГИЈАТА КОЈА ЈА КОРИСТИМЕ ВО ПРОЕКТОТ:**

**RISE (Regional Incubator for Social Entreprenerus) =** Регионален инкубатор за социјални претприемачи, е проект за мотивирани и посветени млади, подготвени да учат и да менуваат работи и да го подобрат целиот регион преку социјалното претприемништво.

**RISE JOURNEY=** Се однесува на патешествието, периодот кој тимовите ќе го поминат со активностите од проектот RISE. RISE Journey е наменски креирана програма која е бесплатна за учество и која ќе ви помогне да учите, да растете и да направите промена во вашето опкружување.

**RISE VENTURES=** Тимовите кои ќе бидат избрани да учествуваат во програмата.

**LOCAL INCUBATOR=** Организација која е одговорна за спроведување на проектот RISE и поддршка на тимовите во идеациската и инкубациската фаза. За Македонија, локален инкубатор е Здружението за социјални иновации АРНО од Скопје.

**IDEATION CHAPTER=** Идеациска фаза во која најмалку 36 тимови од Западниот Балкан (6 по локален инкубатор) со идеи за социјални претпријатија учествуваат во тренинзи, експертски сесии и менторство да ја развијат својата идеја.

**DEMO DAY=** Локален настан (натпревар во секоја од државите од Западен Балкан на кој тимовите од програмата се натпреваруваат за првите 2 места кои добиваат грант за реализација на идејата од 2500 евра и место во инкубациската фаза на проектот).

**INCUBATION CHAPTER=** Инкубациска фаза во која најдобрите 12 тимови (2 по локален инкубатор/држава) добиваат грант од 2.500 евра за реализација на својата идеја, структуирана поддршка од ментори и експерти и шанса за мобилност, размена на искуства и вмрежување во регионот.

**RISE BOOTCAMP & RISE EXPEDITION=** Регионални настани преку кои учесниците во патешествието ќе имаат можност да ги посетат своите врсници, да дознаат успешни социјални бизниси, и да работат со тренери/ментори/експерти од регионот, со што ќе добијат поголема инспирација, знаење, практични примери и вмрежување.

**FINAL RISE REGIONAL EVENT=** Завршен регионален настан во една од земјите од Западен Балкан кој ги слави успесите на младите социјални претприемачи и отвора важни прашања за тековните и идни состојби на социјалното претприемништво и младите во регионот.

**П=прашање | О=одговор**

**Напомена:** Често поставуваните прашања ќе бидат редовно ажурирани со последните прашања од заинтересираните апликанти.

## I. ВОЗРАСТ И ТИМОВИ

**П: Може ли да аплицирам индивидуално, како поединец?**

**О:** За жал не. Започнување на социјално претпријатие, бара многу време, енергија и мотивација, затоа е неодржливо за една личност самостојно да учествува во целата програма. Исто така, повеќе луѓе во тимот отвораат повеќе простор за креативност, различни перспективи и размена на идеи кои се неопходни за една идеја да расте и да се развива. Teamwork makes the dream work!
* RISE е исклучиво програм за тимови, составени од најмалку двајца млади луѓе на возраст од 16-35 години.

**П: Нашиот тим е составен од двајца млади кои се под 18 годишна возраст. Дали може да аплицираме?**

**О:** За еден тим да биде подобен за апликација, мора да има барем еден член на тимот над 18 години како лидер на тимот кој треба да ги потпише договорите за учество и финансирање во случај тимот да е меѓу двата победнички кои ќе добијат грант. Во овој случај, ви сугерираме да вклучите и трет член на тимот над 18 години.

**П: Може ли да аплицирам ако сум под 18 години?**

**О:** Да, сите лица над 16 години може да аплицираат. Во тимот, мора да имате барем едно лице кое е над 18 години.

**П: Колкав е минималниот број на луѓе во тим кои треба да се пријават, а колкав максималниот?**

**О:** Минималниот број на членови на тим е 2-ца, а ние препорачуваме тимот да остане помал за да работи поефективно и покомпактно. Препораката за максимум број на членови е 3-ца/4-ца.

**П: Дали може тимот да биде составен од 5-6 лица?**

**О:** Да, но ве молиме образложете го составот на тимот, улогите и мотивацијата на секој член во тимот да учествува во целата програма. Препорачуваме тимот да биде 3-4 лица за полесна координација.

**П: Дали може да се аплицира со полни 35 години?**

**О:** Може, но при селекцијата ќе се внимава другите членови на тимот да се под 35 години.

**П: Дали може да се пријавиме за учество ако едниот член на тимот полни 36 години во октомври/ноември?**

**О:** Идејата на повикот е да се даде шанса на младите, но секако, мали отстапки се возможни. Доколку се работи за еден член кој „за малку“ ја надминува возрасната граница во ред е, пријавете се. Важно е другите членови на тимот да се до 35 години.

**П: Здраво, имам одлична идеја, но моите пријатели не се сигурни во моментов кој се да биде во тимот. Може ли луѓето во тимот да бидат вклучени во подоцнежните фази (ако сме избрани) од патувањето? Дали може да менуваме / додаваме луѓе?**

**О:** Секогаш е подобро да се има силен тим од почеток за развојот на идејата, да се биде доследен и да се работи континуирано како тимот би бил посилен. Но, тимот може да еволуира (да се менува) во текот на програмата, односно да го намалува или зголемува својот број, односно програмата не го забранува ова.

**П: Во тим составен од мажи и жени, дали е услов жената да биде лидер?**

**О:** Не е важно кој е лидер/ка на тимот, маж или жена. На вас е да одлучите кој најмногу одговара на таа улога. И секако, тим лидерот мора да е полнолетен, односно да има над 18 години.

**П: Дали тим лидерот би имал некакви особени активности/обврски, дополнителни состаноци и слично?**

**О:** Важно е да напоменеме на самиот почеток дека одговорностите (присуство на работилници/тренинзи, состаноци, координација за експертски и менторски сесии) треба да бидат еднакво распределени помеѓу членовите на тимот. Сите во тимот сте еднакви за нас и еднакви за програмата. Тим лидерот е оној/онаа кој ќе има малку поголема одговорност за координација на тимот. Идејата е таа личност да биде во постојана комуникација со нашиот тим (телефонски и онлајн), за дополнителни офлајн средби, потпишување на договори (доколку бидете избрани да влезете во идеациската програма или пак во инкубациската) и навремено доставување одредени информации и документи. На пример, тим лидерот закажува еден-на-еден сесии, известува новитети и промени до АРНО, дава фидбек за менторскиот процес итн. Тим лидерот треба да е во Македонија и да биде помеѓу 18-35 години.

## II. АПЛИКАЦИЈА ОД ПРАВНИ ЛИЦА – НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И БИЗНИСИ

**П: Ние сме невладина организација која има идеја за социјално претпријатие. Дали може да аплицираме?**

**О:** Да, доколку вашата идеја не е веќе на пазарот, односно вашата невладина организација не генерира профит од оваа идеја. Програмата поддржува невладини организации кои сакаат покрај непрофитните активности, да воведат и економски/профитни

активности за општо добро. *Имајте предвид дека сепак треба да настапувате индивидуално како засебен тим со идеја, а не со брендот на вашата невладина организација и како нејзини претставници.

**П: Сакаме да аплицираме во RISE, но ако победиме, сакаме да ја спроведеме нашата идеја преку граѓанска (невладина) организација, дали е тоа можно? Доколку добиеме парична поддршка, дали таа може да се искористи преку правното лице односно, организацијата и нивната банкарска сметка?**

**О:** Да, сè додека проектот го води група млади луѓе, би сакале да бидеме флексибилни за корисникот на средствата. Но, ова дополнително ќе се утврди согласно насоките и одобрувањата од донаторот. *Имајте предвид дека сепак треба да настапувате индивидуално како засебен тим со идеја, а не со брендот на вашата невладина организација и како нејзини претставници.

**П: Дали доколку веќе имате регистрирано правно лице би можеле по изборот да го надоградувате истото или повикот е само за физички лица?**

**О:** Повикот е отворен за физички лица, и за идеи кои немаат започнато деловна активност, односно не се на пазарот без разлика дали се од регистрирано правно лице. Како правно лице, може да аплицира тим од вашата организација кој ќе работи на развој на нова идеја која може, но и не мора да биде поврзана со вашето правно лице. *Имајте предвид дека сепак треба да настапувате индивидуално како засебен тим со идеја, а не со брендот на вашата невладина организација.

**П: Дали ново отворена фирма, стартап, со тим на соработници може да учествува на повикот? И доколку може, како основачка и управител на стартапот, дали со полни 35 години би имала право на учество?**

**О:** Искрено се радуваме на сите стартапи кои ги основаат млади луѓе, но овој повикот е отворен само за физички лица или за идеи на правни лица кои не се на пазарот, односно немаат деловна активност. Како стартап, претпоставуваме дека веќе сте присутни на пазарот и ги продавате своите производи и услуги. Во однос на подобноста за учество поврзана со возраст, лица на возраст од 16-35 години може да аплицираат.

**П: Дали можат да се аплицира со постоечки бизнис активности или иницијативи?**

**О:** Само со оние иницијативи кои имаат социјален аспект и се на самиот почетокот на реализација, притоа немаат деловни активности. Со други зборови, не се на пазар, не продаваат и не остваруваат приходи (на сам почеток).

## III. ФИНАНСИСКИ ГРАНТ - НАЧИН И УСЛОВИ НА КОРИСТЕЊЕ

**П: Планирам да се пријавам на програмата со мојот пријател, како физички лица. Ако победиме на Демо денот и бидеме избрани за вториот дел од проектот, која ќе биде нашата награда?**

**О:** Секој избран тим ќе добие 2,500 € и овој грант ќе има 2 намени:

● Финансирање на регионална мобилност во една од државите на Западен Балкан со цел врсничко и интеркултурно учење (500 €)

● Финансирање за развој на самиот социјален бизнис бизнис (2000 €)

Грантот може да се искористи како инвестиција за бренд за комуникација, прототип, развој на веб-страница за вашата идеја, опрема, машини и др. Донаторите се прилично флексибилни кога станува збор на што ќе го трошите грантот, но секако, треба да се за развој на и реализација на вашата идеја. Грантот ќе биде доставен директно од Регионалната Канцеларија за Младинска Соработа (РИКО) до лидерите на тимовите (ова дополнително ќе се потврди, секако наградата ќе стигне до наградените) и тимовите ќе доставуваат финансиски извештај директно до РИКО. *Поради разните динамики и контекст на проектот наведените износи можно е да се подложни на промени.

**П: Ако победиме во првиот дел од програмата дали паричната награда од 2500€ ќе пристигне на нашите приватни банкарски сметки? Дали средствата ќе одат на сметката на лидерот на тимот или треба да ги поделиме средствата? Дали овие средства може да направат проблеми за добивање на мојата стипендија? Како студент сум должен да не добивам дополнителни средства за да можам да продолжам да ја добивам стипендијата.**

**О:** Средствата ќе пристигнат на приватна банкарска сметка, корисникот (корисниците) ќе бидат дефинирани заеднички со победничкиот тим. По правило, тоа ќе биде тим лидерот, но може средствата да се примат и од друг член на тимот доколку тим лидерот не е во можност. Препорачуваме (а и праксата досега е) лицето да отвори посебна сметка за грантот која ќе може да имаат увид и пристап сите членови на тимот. Во следната фаза од програмата ова прашање дополнително ќе биде разгледано/дефинирано.
* Секој член на тимот над 18 години може да биде потписник на договорот и корнисник на грантот, па доколку е можно, одберете како корисник да биде лице кое не прима стипендија, семејна пензија и сл. Ако ова не е можно, ќе се разгледаат други опции за добивање на грантот.

**П: Ако победиме, дали е можно локалниот инкубатор да купува и набавува потребни материјали за нас, па ние да ја користиме наградата како поддршка, а не како парична награда за понатамошната имплементација?**

**О:** Локалниот инкубатор не може да биде корисник на доделениот грант, меѓутоа деталите и начините за искористување на наградата дополнително ќе се специфицираат. Грантот се користи исклучиво од победничкиот тим, како дел и од процесот на учење со

управување на финансиите на социјалниот бизнис. Локалниот инкубатор може да ви помогне во планирањето на буџетот и давање насоки за користење, трошење и известување до донаторот.

**П: Во нашата идеја планираме да развиеме бизнис модел за да генерираме приход и планираме да ги искористиме парите од наградата (доколку победиме) за да започнеме со продажба на производи. Дали е ова прифатливо? Можеме ли да започнеме да правиме профит во рамките на проектот?**

**О:** Секако! Ова е целата идеја зад социјалното претприемништво, да се развие влијателен одржлив бизнис модел. Дел од грантот во износ од 2000 евра може да се искористи за развој на бизнисот. Важно е да немате почнато никаква деловна активност и да аплицирате само со идеја.

**П: Дали ако добиеме грант и место во инкубациската фаза сме обврзани да отвориме фирма или невладина организација?**

**О:** Програмата не ве обврзува да отворите фирма или невладина организација, односно правен ентитет. Сепак, доколку сакате да го унпаредувате вашето социјално претпријатие, а се надеваме дека е така, во одредена фаза ќе мора да го регистрирате или како компанија, или како невладина организација, задруга и сл. зошто инвеститорите, донаторите, банките и најчесто другите програми за финансиска поддршка обезбедуваат средства само за правни ентитети.

**П: Колку пари и за што се даваат, дали може за кирија и бар 3 месеци плата?**

**О:** За двата тима кои ќе победат на Демо денот ќе се обезбеди грант од 2,500 евра кој е наменет за мобилност и финансиска поддршка за реализација на идејата. Во самиот процес на разработка на идејата и до самиот натпревар секој од тимот ќе помине подготовки во кои ќе се дефинира и планира потенцијалната награда и начините на нејзиното користење. Општо кажано- да, средствата би можеле да се користат за подмирување на кирија и месечни надоместоци се додека тоа придонесува за реализација на идејата, но ова дополнително би се потврдило. Платите исто се поботен трошок, но не може да надминуваат 20 % од висината на целиот грант.
***** Поради разните динамики и контекст на проектот наведените износи можно е да се подложни на промени.

**П: Дали би ми било од некоја финансиска поткрепа , бидејки сум невработен/а?**

**О:** Програмата е дизајнирана да им понуди на тимовите поддршка во разработка на нивните идеи за зелени/социјални претпријатија. Програмата не предвидува паричен надоместок на индивидуално ниво/за учесниците, ниту финансиска помош за невработени лица. Со други зборови, грантот треба да се користи за развој на идејата. По правило, само 20 % од грантот да се користат за хонорар/плата на членовите на тимот. *Ова дополнително ќе се потврди со донаторите на програмата.

## IV. ИДЕИ ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА – ОБЛАСТИ, ТЕМИ И АКТИВНОСТИ

**П: Би сакале малку подобро да ни објасните што точно значи тоа дека социјалните проекти што ги имаме предвид треба потенцијално да донесат материјални приходи во иднина? Дали проектот, кој нема за цел да заработи, туку само да и помогне на заедницата е пободен за апликација (пр. работилница во училишта или активности може да биде поддржан)?**

**О:** Вашата идеја треба да има некаков бизнис план, план за остварување некаков профит, што може да се реинвестира во заедницата. На пример, може да се организираат некои нови работилници, токму користејќи го тој профит. Социјалното претпријатие е сепак економски субјект кој покрај тоа што прави добро, мора да биде и финансиски одржлив, односно да прибира средства преку продажба на производи или услуги. Погледнете го видеото од следниот линк да ви стане појасно: Што е социјално претпријатие?. Ако вашиот проект/иницијатива има потенцијал за заработка, може да биде избран во програмата и низ програмата да работите со тренерите, менторите и експертите на изнаоѓање на бизнис модел.

*Приклучете ни се на инфо сесиите за програмата каде што детално ќе го објасниме концептот на социјално претпријатие.

**П: Дали може да ни дадете некои примери за социјални претпријатија?**

**О:** Секако. Може на нашиот вебсајт да најдете повеќе за RISE тимовите од претходните две изданија: https://arno.org.mk/project/regional-incubator-for-social-entrepreneurs/. Можеби и сте слушнале и за нашите RISE социјални претпријатија како О-круг, социјално претпријатие кое прави ароматизери и есенцијални масла од отпад од портокал, или пак за КАМП, првата градинка на отворено во Македонија која нуди едукативни програми за мали деца од 4-8 години во штипскиот регион. Или пак за Yes for less, онлајн заедница и еко-платформа за едукација и промоција на одржлив начин на живеење и продажба на органски производи. Или за Амброзија, еко-социјален кетеринг од Неготино кој обучува и вработува жени Ромки. Или пак за Medical Mushroom Garden кои одгледуват и продаваат печурки и обучуваат други млади од југоисточна Македонија како да одгледуваат и остварат приходи. Кај нас, највоочлив пример е можеби Лице в лице, улично списание кое го продаваат ранливи категории лица во Скопје, Струга, Охрид и други градови низ Македонија (Роми, лица без државјанство, лица со попреченост итн.) и на тој начин обезбедуваат приход за егзистенција. Или пак, ЕСНАФ, социјално претпријатие кое продава рачни изработки од уметници и занаетчии и лица од ранливи групи. Има многу други инспиративни примери во нашата држава, ќе зборуваме повеќе на обуките.

**П: Дали истиот тим може да аплицира со повеќе идеи?**

**О:** Да, може, но треба да се елаборираат/ објаснат/образложат сите идеи во апликацијата и само една идеја може да биде избрана за учество и да се развие во фазата на идеација.

**П: Дали апликантите треба да понудат некои ресурси за соработка или само разработена идеја?**
**О:** Апликантите треба да имаат идеја која решава општествен или еколошки предизвик и идеја која сакаат, со помош на програмата, да ја разработат. Потребно е да се наведе (понуди како одговор) мотивацијата и составот на тимот. Секако, ресурсите за соработка како партнери, мрежи и контакти ќе ја направат вашата апликација поквалитетна. Апликантите не се очекува да имаат финансиски придонес кон идејата т.е. да вложат сопствени средства.

**П: Нашата бизнис идеја се однесува на тема од одржливо земјоделство и ние сме млади ентузијасти и активисти за пермакултура. Дали може да аплицираме?**
**О:** Драги пермакултурци, и млади кои свесно и доблесно застапувате принципи на одржливо земјоделство- да, вие сте добредојдени во програмата, слободно аплицирајте! Погледнете, регионалната фејсбук страна на проектот дури има направено посебно видео и објава токму на таа тема.

**П: Дали е потребно да имаме детален план за учество во програмата или доволна е само идеја?**
**О:** Предизвиците на кои сакате да работите и изнаоѓање решенија што ќе придонесат за решавање на тој проблем се активностите планирани за фазата на идеи (идеација). Имајќи го ова предвид, не треба да излезете со детален план, туку треба да наведете накусо - на кој проблем сакате да работите, потенцијалното решение што го гледате за тој проблем и како да го направите тоа решение одржливо и профитабилно. Ќе работите со нас на конкретизација на идејата, а со тоа и план за реализација, раст и развој.

**П: Дали постојат ограничувања на активностите што ги поддржувате?**
**О:** Сите активности што имаат за цел да решат или предлагаат нов пристап кон социјален/еколошки проблем можат да бидат поддржани - од земјоделство до образовни програми, здравство, едукација, екологија, вработување итн. Активностите што не се поврзани со спроведување на општествена/еколошка мисија не можат да се финансираат, ниту активностите што имаат за цел само да остварат лична финансиска корист (идеи за класични бизниси)

**П: Дали идеите и активностите со кои би аплицирале треба да се специфицирани, да се однесуваат на специфични области или сектори?**
**О:** Идеите и активностите можат да бидат во различни сектори и области. Нема ограничувања. Може да е здравје, животна средина, вработување, екологија, едукација...оставаме на вашата иновативност и креативност. Идеите треба да бидат што е можно поконкретни и пореалистични за имплементација.

**П: Дали е можно да се пријавиме како тим што организира уметнички фестивали?**
**О:** Да, ако тие уметнички фестивали имаат социјално влијание, т.е. ако се обидат да направат нешто добро, да имаат повисоко значење за општеството (пример фестивал на инклузија каде што парите од картите ќе ги употребите за вашите корисници, или пак, фестивали за поддршка на уметници каде што парите ќе ги реинвестирате во нивна промоција, едукација и сл.). Нашата дејност е социјална иновација и социјално претприемништво, што значи дека оваа идеја треба да има одредено влијание врз заедницата, да реши еден проблем, да поттикне напредок и прогрес. Ако вашата идеја содржи такви вредности, тогаш можете апсолутно да ги примените, да аплицирате. Ако вашата идеја е чисто комерцијална и сакате само да остварите профит како класичните бизниси, тогаш истата не е подобна за оваа програма.

**П: Дали можеме подоцна да аплицираме на други повици за финансирање со нашата идеја, која би ја развиле преку овој проект?**
**О:** Да, може. Една од целите на програмата е и да ве спреми и ви даде знаења и вештини да продолжите со апликации и барања за финансирање на вашата идеја. Можете да аплицирате со бизнис план за да добиете средства од локални или меѓународни донатори, ние ќе бидеме среќни ако добиете и дополнителна поддршка и ја трансформирате вашата идеја во реалност. Многу од нашите тимови добиле и дополнителна поддршка која им помогнала на самиот старт на социјалниот бизнис.

**П: Дали може да аплицираме за RISE доколку сме биле дел од други слични програми за (социјални) претприемачи и/или сме добиле веќе финансиска и друг вид поддршка за реализација на нашата идеја?**
О: Да, може. Вашата апликација нема да биде одбиена поради овој факт, но ова ќе се цени од стручното жири кое ќе ги селектира идеите кои ќе влезат во идеациската фаза од програмата. Жирито ќе оцени дали оваа програма е подобна за вас и дали ќе имате интерес и потреба да ја следите. Имајте предвид дека предност ќе биде дадена на тимови кои досега не учествувале и не биле поддржани/финансирани преку постоечки програми за поддршка на претприемачи.

## V. РОКОВИ, РЕЗУЛТАТИ И НАЧИН НА СЕЛЕКЦИЈА

**П: До кога може да аплицираме?**
**О:** Повикот за RISE Програмата е отворен до 05 октомври, 2023 година до 23.59 часот.

**П: Колку време трае првата, идеациска фаза?**
**О:** Идеациската фаза трае 4 месеци. Ќе почне крај на октомври 2023 и ќе заврши крајот на февруари 2024 одина.

**П: Колку време трае финалната, инкубациска фаза?**

**О:** Двата тима кои ќе продолжат во втората фаза (процес на инкубација) е предвидена да трае 4 месеци (тестирање и валидација на идеи, грант за развој на идеи, регионални патувања и регионални кампови и вмрежување) и ќе почне во март и заврши во јуни 2024. Заедно со првата фаза (идеација) која трае 3 месеци, целокупната програма би изнесувала 7 месеци.

**П: На кој јазик да ја пополниме апликација?**

**О:** Апликацијата се пополнува на англиски јазик.

**П: Дали тренинзите се на англиски јазик?**

**О:** Тренинзите се на македонски јазик, но тимовите треба да имаат солидно познавање на англиски јазик зошто се користи и интернационална терминологија и литература на англиски јазик, а и регионалните настани, како и редовната комуникација, договорите и другите документи со координаторите на проектот (Pulse SOS, RYCO, OFAJ, SEEYN) и тимовите се на англиски јазик.

**П: Кој ги оценува нашите апликации и по кои критериуми?**

**О:** Апликациите ги оценува стручна жири комисија составена од проектните координатори на проектот од АРНО и неколку надворешни експерти во областа на социјалното претприемништво и социјалната економија.

**П: Дали има интервју или презентација на тимот и идејата пред финалната селекција?**

**О:** Тоа зависи од самиот бројот на апликации, но АРНО негува пракса да ги запознае тимовите пред финалната селекција. Ако сте во потесен круг за избор, очекувајте да ве поканеме на кратко онлајн интервју или презентација на идејата пред жири комисијата за селекција.

**П: Кога може да очекуваме резултати од апликацијата?**

**О:** Финалните резултати за селекција ќе бидат објавени во втората половина на октомври 2023.

**П: Кога ќе бидат објавени резултатите од повикот и дали се знае кога ќе се почне со работилниците за оние групи кои ќе бидат избрани?**

**О:** Селекцијата на учесниците треба да биде во втората половина на октомври 2023. Сепак, бидејќи станува збор за регионален проект во кој се вклучени повеќе партнери, можно е да има поместување во датумите со цел усогласување на временската рамка на проектот. Работилниците за тимовите би започнале со реализација крај на октомври/почеток на ноември. Во секој случај, селектираните во првиот круг ќе бидат известени веднаш штом имаме информација.

## VI. НАЧИН НА РАБОТА, ИНТЕНЗИТЕТ И ОБВРСКИ

**П: Колку време е потребно на неделно/месечно ниво?**

**О:** Планирано е обуките да се одржуваат два пати месечно, додека состаноците да се одржуваат еднаш месечно. На обуките и состаноците треба да е присутен најмалку еден член на тимот, но секако, охрабруваме учество на сите или што е можно повеќе членови на тимот. Покрај тоа, помеѓу обуките, тимовите ќе имаат домашна работа и ќе го вежбаат она што го научија на обуките, а исто така ќе имаа состаноци со менторот, отприлика по еден-два во месец. *Во просек, треба да издвоите околу 4-5 часа неделно.

**П: Колку време би одземале обуките и состаноците во првата фаза имајќи предвид дека нашиот тим е во постојан работен однос? Дали би траеле повеќе денови или повеќе часови во текот на работниот ден?**

**О:** Во првата фаза (идеација) се предвидени тренинзи, состаноци, еден-на-еден сесии како и менторска програма. Предвидени се 5 тренинзи и 3 средби. Тренинзите би траеле неколку часа (3-4 часа) во денот, најверојатно онлјан, и можно е да се одвиваат во работни денови, но и за викенд, секако, ќе се договориме и адаптираме на вашето работно време доколку е потребно. Средбите би биле со физичко присуство, во Скопје, со времетраење од 2-3 часа, додека еден-на-еден сесиите се едночасовни, структуирани сесии со тимот на АРНО. За тимовите надвор од Скопје, проектот покрива патни трошоци во висина на автобуска карта. Менторството е флексибилно, на взаемен договор со менторот и тимот. Во периодот на идеација од четири месеци, потребни се најмалку 6 часа менторство, односно во просек 1-2 во еден месец. *Имајте предвид дека програмата конзумира време, и секако, како тим би можеле да се надополнувате, но убаво би било целосно присуство од страна на сите од тимот. Присуството е пожелно на сите активности и ќе се смета како еден од дополнителните критериуми за бодување на вашата идеја на Демо денот, односно натпреварот. Околу 4-5 часа во текот на неделата се доволни да ги исполните сите обврски од програмата.

**П: Дали ќе имаме задачи и домашни како тим помеѓу обуките?**

**О:** Да, дел од методологијата се и домашните и задачите кои треба да ги работите како тим. После секоја обука ќе имате конкретна задача на темата која ќе биде насочена да ви помогне да ја развиете идејата и да креирате план за нејзина реализација. Тимот на АРНО и другите обучувачи ќе ги прегледуваат задачите, ќе ви дадат фидбек и детално ќе ги разговарате за време на еден-на-еден сесиите. Исполнувањето на домашните задачи, редовноста и проактивноста ќе се бодува од од жири комисијата на Демо денот (натпреварот) на крај на идеациската фаза. Не само тоа, искуството кажува дека најпосветените тимови се секогаш во најуспешните.

**П: Дали овој проект се однесува на работа од дома или ќе имаме некои состаноци во живо ... Дали има работно време?**
**О:** Активностите ќе се спроведуваат и онлајн и со физичко присуство во зависност од типот на активноста и временската рамка на проектот. Сепак, најголем дел од активностите ќе бидат онлајн со цел што поголема инклузија и достапност за тимовите кои доаѓаат надвор од Скопје. Времето на одржување на тренинзите и средбите ќе биде дополнително утврдено според преференциите на најголемиот дел на учесниците, изразено во апликационата форма.

**П: Дали треба да бидам дел од сите сесии/обуки?**
**О:** За да ја развиете вашата идеја до социјален бизнис, потребно е да учествувате во сите работилници и сесии. Исто така, неучеството на сите работилници покажува недостаток на посветеност, една од важните критериумо објавени токму во самиот Повик за аплицирање. Како и да е, можете да се координирате со вашите членови на тимот за да може барем еден од вас да присуствува на работилниците и да ви го пренесе што сме учеле кога ќе отсуствувате.

**П: Дали веќе се објавени датумите за обуките / работилниците?**
**О:** Веднаш штом ќе заврши отворениот повик, ќе одвоиме време да ги избереме тимовите кои ќе продолжат со следните чекори и во случај да биде избран вашиот тим, ќе ве известиме за датумите на обуките и останатите активности. Идеациската фаза ќе почне крај на октомври 2023 и ќе трае до крај на февруари 2024.

**П: Јас сум вработен/а, но би сакал да бидам дел од RISE Journey 3, дали е тоа проблем?**
**О:** Ако успеете да ја следите обуката во предвидените датуми и часови, без тоа да влијае на вашите задачи и должности, би ве охрабриле да аплицирате и да бидете дел од RISE Journey 3. Имајте предвид, дека RISE бара посветеност во просек од барем 4-5 часа во текот на неделата. Ќе се обидеме да ги организираме обуките во најдобриот можен период за најголем дел од тимовите.

**П: Кога очекувате да започнат првите активности на проектот и кои се тие активности?**
**О:** Првите активности ќе започнат кон крајот на октомври/почеток на ноември, а првата активност ќе биде физичка средба во Скопје каде што сите официјално ќе се состанеме, ќе се запознаеме и ќе ги претставиме следните чекори на програмата.

**П: Колку ќе трае програмата? Дали ќе има менторска поддршка по обуката? Каде ќе се одржуваат обуките и која е динамиката на RISE Journey 3?**
**О:** Првата фаза на програмата е предвидено да трае од крајот на октомври/почеток на ноември 2023 до крајот на февруари 2024 кога ќе се одржи Локалниот настан (Demo Day), на кој што тимовите ќе ги презентираат своите идеи пред жири комисијата. Ако тимот оди понатаму во втората фаза (Фазата на инкубација), тогаш програмата ќе продолжи од март 2024-та година. *По изборот на учесници и

во согласност со нивните обврски и дневни распореди, ќе се обидеме да најдеме заедничко решение што би одговарало на сите, но сепак не можеме да гарантираме дали обуките ќе се одржуваат за време на викенди или во работните денови. **Менторска поддршка ќе има во идеациската фаза каде што секој тим ќе добие искусен ментор кој ќе му помогне и насочи тимот подобро да ја осмисли и да го постави планот за идејата и нејзината реализација. Менторската поддршка ќе биде најмалку 6 часа, односно во просек по 1-2 часа месечно. Тимот и менторот договараат дали сесиите ќе ги имаат онлајн или офлајн.

**П: Дали ќе добиеме сертификати после завршувањето на програмата?**

**О:** Да, секој член на тимот ќе добие дигитален сертификат за учество во RISE програмата, доколку тимот редовно е присутен на средбите и тренинзите, ги исполнува своите обврски и ја презентира својата идеја на Демо денот (финалниот настан-натпревар од идеациската фаза за презентација/пичување). Сертификатот се издава од АРНО, како локален инкубатор во проектот.